Автор: Оливера Нечовска Проект Координатор: Јован Стојановски

„Проект за борба против корупција, превенција и пријавување„


Одобрен во рамки на Стејт департментот на Соединетите Американски Држави

И Меѓународниот центар Меридијан, дел од Иницијативата IVLP Impact Awards

IVLP Проект за борба против корупција, превенција и пријавување.

International Visitor Leadership Program
U.S. Department of State

ВОДИЧ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ



30/12/2023

СОДРЖИНА

IVLP Проект за борба против корупција, ризици и пријавување.

International Visitor Leadership Program
U.S. Department of State

1.Што е корупција

-дефиниција на корупција

-видови на корупција

-ризици за корупција

2.Најчести ризици за корупција


3.Корупција во високото образование

-кој може да пријави

- како може да пријави

-кој и како постапува по пријавите за корупција

4. Како да се бориме против корупцијата во високото образование



1.Што е корупција?

Поимот корупција во денешно време се дефинира на повеќе начини и во повеќе видови , но она што е најважно е дека станува збор за општествена појава која се заканува на нормалното функционирање на една држава чиј приоритет е владеење на правото, постоење на правна сигурност, правилно функционирање на државните и јавни институции во корист на граѓаните, а со тоа и остварување на правата и слободите на граѓаните кои , пред се треба да имаат доверба во институциите.

Корупцијата се дефинира како злоупотреба од страна на службените лица на функција, јавно овластување, службена должност или положба заради остварување на корист директно или преку посредник за себе или за друг. Користа може да биде од најразличен вид во економска , политичка, остварување на влијание и сл.

Службено лице е е секое именувано или избрано лице, што значи вршител на определена функција, или е носител на одредено јавно овластување, како и вработените во јавниот сектор, кој всушност го опфаќаат не само државните органи, правните лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон , туку и ваботените во јавниот сектор, кој во себе ги опфаќа сите сектори во се даваат јавни услуги на граѓаните или се врши дејност од јавен интерес (здравство, образование, труд и социјална политика, спорт, култура и др.)

Имајќи ги во предвид секторите кои се погоре наведени, јасна е опасноста и ризикот од корупција, со оглед дека станува збор за сектори во кои граѓаните секојдневно се упатени нслужените лица во однос на остварувањето на нивните основни права.

Основната поделба на корупцијата е на:

1. **Пасивна корупција**, кога станува збор за намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаца ветување ваква корист, со цел да делува или да се воздржи од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

2. **Активна корупција,** кога постои намерно делување на кое било лице кое директно или индиректно преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице за него или за трето лице со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

2.Најчести ризици за корупција

Со цел успешна борба против корупцијата, најважно е правилното детектирање на ризиците за корупција, односно навремено и правилно препознавање на активностите и дејствијата кои претставуваат можен ризик за корупција.

Ризиците за корупција се во суштина внатрешните и надворешните слабости или постапки кои претставуват можност за корупција во рамките на државните органи, јавните претпријатија и други институции во јавниот сектор, кои всушност значат постоење на судир на интереси, неспоивост на функцијата, примање на подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем на заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи од значење за интегритетот.

Во овој контекст интегритетот претставува законито, независно, непристрасно, стручно, етичко, одговорно и транспаретно вршење на функцијата, јавното овластување, службената должност, при што треба да се чува личниот углед на службените лица , но и на органот или институцијата, со што се обезбедува доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции, но и во вршењето на работите на јавните институции.

Постојат повеќе фактори кои влијаат на создавање на можности од појава на корупција , како што се: неетичкото однесување, непочитување на процедурите и стандардите во вршење на работните обврски и должности, нетранспаретност, потпаѓање под влијание или вршење на влијание со цел стекнување на одредена материјална или нематеријална корист.

Освен овие фактори мора да се имаат во предвид и објективните фактори, кои можат да се дефинираат и како регулаторни ризици, кога всушност станува збор за закони и подзаконски акти кои регулираат одреден сектор и начин на остварување на правата и вршење на обврските во истиот, кои во себе содржат правни празнини и недореченост кои оставаат простор за субјективно и дискреционо одлучување.

3.Корупција во високото образование

Високото образование е образование кое се остварува преку студиски програми на универзитетите и самостојните високи стручни школи. Високото образовие има големо значење во секое општество, бидејќи неговата цел не е само создавање на успешни млади луѓе кои во рамките на дејностите во кои ќе работат ќе бидат оспособени стручно, и ефикасно да ги извршуваат своите работни задачи, туку преку високото образование младите луѓе кои го завршуваат овој вид на образование треба да бидат и главниот двигател во научно-истражувачката дејност, која е основа на економскиот, социјалниот и политичкиот развој на една држава.

Во високото образование како и во другите општествени дејности постојат секојдневни ризици за појава на корупција кои можат да бидат од најразличерн вид на пример:

-непотизам во изборот на наставни и наставно-научни звања;

-политичко влијание и партизација на кадрите ангажирани во високото образование;

-учество на академската заедница во комиисии за надоместок;

-влијание и непотизам во постапките за распределба на места во студенстките домови;

- нееднаква распределба на студентски стипендии;

-условување на студентите со купување на книги за успешно полагање на испит;

-купување на прашања за испит од страна на студентите;

-користење на плагијати за изработка на трудови;

-измама на испити и др.

Во одредени случаи постојат и активности или дејствија кои не секогаш сметаме дека се коруптивни, а кои се манифестираат како неетичко однесување, влијание за добивање и на нематеријални погодности, давање или примање на ситни подароци во замена за оценка и сл. Меѓутоа истите и покрај нивната „мала„ важност претставуваат коруптивни дејствија кои влијаат врз објективното остварување на правата и обврските на целата академска заедница, но и на останатите вработени во високото образование.

Кој може да пријави корупција?

Дејности или активности за кои постои разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или најверојатно ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со

копе се повредува или загрозува јкавниот интерес (во овој случај во институциите за високо образование) може да ги пријави:

- Секој член на академската заедница (лицата избрани во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања и **студентите**)
- административниот персонал вработен во институцијата;
- помошно-техничкиот персонал во вработен институцијата;
- лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа во институцијата;
- лице кое по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со институцијата.

Исто така, заради заштита на правата на студентите на секој универзитет согласно Законот за високото образование се избира студентски правобранител од редот на редовните студенти на универзитетот, кој го избира Сенатот на универзитетот со мнозинство гласови, на предлог на Универзитетското студентско собрание, врз основа на објавен конкурс.

На факултетите се избира заменик на студентскиот правобранител, кој го избира факултетското студентско собрание, од редот на редовните студенти, врз основа на објавен конкурс.

Важноста на студентскиот правобранител на универзитетот и на заменикот студентски правобранител на факултетите е дека тој е надлежен да постапува по поднесоци од студентите или по сопствена иницијатива доколку увиди дека е повредено право на студентот од страна на органите на универзитетот или друг член на академската заедница.

По укажувањата на студентскиот правобранител, органите на универзитетот се должни да постапат, а по укажувањата на заменик студентскиот правобранител се должни да постапат органите на факултетот.

Каде да се пријави корупцијата?

Пријавувањето на корупцијата може да биде **внатрешно пријавување** или **надворешно пријавување**.

Внатрешното пријавување се врши во институцијата, во случај кога станува збор за институцијат во високото образование, постои **овластено лице за прием на пријави за корупција.**

Согласно Законот за високото образование, на универзитетите се избира овластено лице за прием на пријави за корупција кое го избира Сенатот на универзитетот **од редот на редовните професори**.

Надворешното пријавување се врши во:

- Министерството за внатрешни работи;
- Јавното обвибнителство (месно надлежно):
- Државната Комисија за спречување на корупцијата;
- Народниот правобранител на Република Северна Македонија;
- или други надлежни институциии.

Надворешното пријавување се врши во случај кога пријавувањето е непосредно или посредно насочено против раководното лице во институцијата, кога по внатрешното пријавување, пријавувачот не добие информација дали се преземени мерки во рок од 15 дена од поднесување на пријавата, или доколку не се преземени мерки по пријавата или пријавувачот (укажувачот) не е задоволен од преземените мерки, како и кога во случај на внатрешно пријавување би настанале штетни последици по лицето кое ја поднело пријавата или по негово блиско лице.

Како се пријавува корупција кај овластеното лице за прием на пријави за корупција на универзитетот?

Пријавата за корупција до лицето кое е овластено за прием на пријави за корупција се доставува на два начина:

- усно на записник или
- во писмена форма.

Кои се должностите на овластеното лице за прием на пријавата за корупција?

Овластеното лице за прием на пријави за корупција на универзитетот е должно:

-да постапува со пријавата согласно процедурите (кои треба да ги донесе Сенатот на универзитетот)

- да ги заштитува личните податоци на пријавувачот, односно податоците врз основа на кои може да се определи идентитетот на пријавувачот (кога тој сака да остане анонимен) или пријавува доверливо, согласно прописите за заштита на личните податоци;

- за постапувањето по пријавата да го извести пријавувачот (доколку е познат) и за преземените мерки во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Дали овластеното лице за прием на пријави за корупција на универзитетот одговара пред некого за својата работа?

Да, должно е два пати годишно да доставува Извештај за својата работа до Сенатот на универзитетот.

4. Како да се бориме против корупцијата во високото образование?

Во институциите на високото образование како институции кои вршат дејност од јавен интерес согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за заштита на укажувачи се донесуваат акти, односно програми за спречување на корупција во кои се

утврдуваат мерките и процедурите за спречување на корупцијата на универзитетите.

Во борбата против корупцијата во било кој дел од општеството, па и во високото образование секогаш целта е да се дејствува превентивно, односно да се осмислат механизми со кои би се спречила појавата на корупција.Имајќи ги во предвид ризиците за корупција , како мерки кои би придонеле во спречување на корупцијата се:

- дигитализација на процесите и постапките во високото образование секаде каде што е можно, во насока на избегнување на субјективниот фактор во истите (електронски библиотеки, електронско аплицирање за упис на факултет, за запишување на година, пријава на испити, полагање на испите (каде е тоа можно и соодветно), пријава и избор за распределба на студентски стипендии, на сместување во студентски домови, спроведување на јавни набавки и сл.);
- постоење на јасни процедури и стандарди за вршење на работите за целата академнска заедница, како и за останатите вработени во високото образование, и контрола за нивно спроведување,
- обуки на академската заедница и на сите вработени во високото образование со цел подигање на свеста за борбата против корупцијата и нејзино спречување;
- поголема ангажираност на студентските собранија и студенските правобранители во насока на запознавање на студентите за нивните права и можностите и начините за пријавување на корупцијата;
- поголема транспарентност во работењето на институциите во високото образование, а особено поголема транспарентност и афирмација на работата на овластените лица за прием на пријави за корупција на универзитетите;
- донесување на Етички кодекс на универзитетите и механизми за контрола за негово почитување,
- јакнење на интегритетот на вработените на универзитетот.